**Инструкции за учениците-натпреварувачи**

**Доколку не се чувствувате добро, останете дома и известете нѐ пред натпреварот**, а уплатената котизација ќе важи за натпреварот следната година.

1) Секој ученик треба да ги почитува пропишаните мерки за заштита од ширење на Covid-19. Задолжително е носење на маска која ги покрива устата и носот за целото време на престојот во училиштето!

2) Секој ученик треба да дојде на натпреварот 10-15 минути пред предвиденото време за натпреварот, ги остава своите работи и мобилен телефон на катедрата и се сместува на своето место. Пред себе треба да има компјутер и пенкало, а наставникот-домаќин му дава еден бел лист хартија за евентуални белешки и пресметки.
- Учениците од III категорија треба да носат и калкулатор, за останатите не е потребен.

3) Секој ученик се натпреварува на свој компјутер (или компјутер од училиштето) и се најавува на ClassMarker со податоци добиени на својот e-mail.

4) Секој ученик се натпреварува за себе и не треба да комуницира со останатите, освен за евентуална техничка помош од наставникот.

5) Ученикот не вклучува камера, натпреварот се следи за целото траење од набљудувачот или со снимање на Microsoft Teams со вклучена камера и микрофон на компјутерот на наставникот.

6) Во предвиденото време од 15 минути ученикот добива пристап до тестот и откако ќе провери дека е од соодветна категорија и јазик, го решава во предвиденото време од 40 минути и го поднесува.

7) По завшувањето на натпреварот, учениците веднаш ја напуштаат училницата и училиштето водејќи сметка за потребното растојание и мерки на претпазливост.

8) Тестовите ќе бидат прегледани автоматски и резултатите ќе бидат објавени на веб страницата на СХТМ веднаш по нивното систематизирање по општина и категорија.